**ФАТФ Сопштение**
**26 јуни 2009**

## ИРАН

ФАТФ остана загрижен за неуспехот на Иран да ги надмине недостатоците на системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам. ФАТФ останува загрижен за неуспесите на Иран, особено неуспехот да го надмине ризикот на финансирање на тероризам кој е сериозна закана за интегритетот на меѓународниот финансиски систем.

ФАТФ побара од Иран веднаш да преземе мерки да ги надмине недостатоците во системот за спречување перење пари и финансирање на тероризмот, да го инкриминира финансирањето на тероризмот и ефикасно да ги исполнува обврските за доставување на извештаи за сомнителните трансакции (STR).

ФАТФ повторно го потврдува повикот до сите членови и бара од државите да ги советуваат своите финансискиот на институции да посветат посебно внимание на деловените односи и трансакците со Иран, вклучувајќи компании и финансиски институции од Иран. ФАТФ го потврдува својот повик од 25 февруари 2009 година и ги повикува неговите членови и сите држави да применуват ефикасни мерка за заштита на својот финансиски сектор од перење пари и финансирање на тероризмот и ризиците кои потекнуват од Иран. ФАТФ бара од државите да се заштитат од коренсподентните односи кои се употребуват за заобиколување или избегнување овие мерки и да преземат содветни мерки на ризикот од перење пари и финансирање на тероризмот кој произлегува од барањата на иранските финансиски институции да отварат подружница или филиали.

ФАТФ е подготвен дирекно да му помогне на Иран да ги надмине преку својот секретаријат недостатоците во системот зза спречување перење пари и финансирање на тероризам.

## УЗБЕКИСТАН

ФАТФ ги поздравува значителните мерки преземени од Узбекистан за воспоставување и зајакнување системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам. ФАТФ бара од Узбекистан да го продолжи својот напредок кон заокружување на правната рамка и спроведување на системот перење пари и финансирање на тероризам кој ги исполнува меѓународните стандарди. Од причина што законите не се донесени, ФАТФ го повторува сопштението на 16 октомври 2008 година.

## ТУРКМЕНИСТАН

ФАТФ ги поздравува досегашниот прогрес за усвојување на легислативата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам. Сепак остануваат недостатоци на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Туркменистан.

ФАТФ го потврдува својот повик од 25 февруари 2009 година и ги повикува неговите членови и сите држави да применуваат ефикасни мерка за заштита на својот финансиски сектор од перење пари и финансирање на тероризмот и ризиците кои потекнуваат од Туркменистан.

Туркменистан треба да преземе понатамошни чекори за спроведување системот спречување на перење пари и финансирање на тероризам кој ги исполнува меѓународнитот стандарди. Туркменистан се охрабрува да продолжи да соработува со Евроазиската Група и со Меѓународен Монетарен Фонд за унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

## ПАКИСТАН

ФАТФ го поздравува недамнешното пристапување на Пакистан на Меѓународната Конвенција за сузбивање на финансирањето на тероризмот.

Сепак ФАТФ е загрижен од ризиците на перење пари и финансирање на тероризам што доаѓаат од Пакистан и потврдува своето јавно сопштение од 28 февруари 2008 година.

ФАТФ поздравува процесот за унапредување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам на Пакистан. ФАТФ го охрабрува Пакистан да продолжи соработка со Светската Банка и со Asia Pacific Group(APG) во процесот на евулација.

## SAO TOME AND PRINCIPE

ФАТФ ги поздравува напорите на Sao Tome and Principe кој продолжува со напори за спроведување на законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.

Сепак ФАТФ е загрижен за суштинските недостатоци на Sao Tome and Principe на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, особено во делот на финансирање на тероризам.

ФАТФ побара од Sao Tome and Principe соработува со GIABA за да ги надмине недостатоците на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам.